**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Закон за изменување и дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи |
| Министерство: | Министерство за финансии |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Зоран Крстаноски |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | До 01.07.2013 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Нема поврзаност |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>
1. Кои се главните проблеми?

Во Законот за користење и располагање со стварите на државните органи е уредена постапката за продажба на недвижни и движни ствари со непосредна спогодба и јавно наддавање. Заради транспарентност и изедначување на постапката за продажба на стварите што ги користат државните органи со јавно наддавање се се предлага воведување на електронско јавно наддавање .

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Воведување на електронско јавно наддавање за продажба на недвижни и движни ствари што ги користат државните органи со дополнување на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Државните органи согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

Достапни се податоци и докази согласно одредбите на постојниот закон.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?

Нема потреба од дополнителни информации и податоци

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

Иницијална проценка на влијанието на регулативата

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

Нема потреба од формирање на меѓуресорска работна група.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?

По влегување во сила на законот.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

Не се планира вклучување на надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?

До 30.06.2013 година.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

Во рамки на постојните ресурси.